# Народна банка на Република Македонија

ДИРЕКЦИЈА ЗА МОНЕТАРНА ПОЛИТИКА И ИСТРАЖУВАЊЕ

## Најнови макроекономски показатели
## Преглед на тековната состојба

јануари 2014 година

## Најнови макроекономски показатели
## Преглед на тековната состојба - влијанија врз монетарната политика

***Прегледот на тековната состојба има за цел да даде осврт на најновите макроекономски податоци (октомври-декември 2013 година) и споредба со последните макроекономски проекции (октомври 2013 година). Со тоа ќе се утврди колку тековната состојба во економијата соодветствува со очекуваните движења на варијаблите во претходниот циклус на проекции. Прегледот е фокусиран на промените на екстерните претпоставки и остварувањата кај домашните варијабли и на тоа како овие промени се одразуваат врз амбиентот за водење на монетарната политика.***

**Глобалното економско окружување не претрпе поголеми промени во споредба со периодот на последните оцени.** И покрај позитивниот економски раст на евро-зоната во два последователни квартала, како и релативно поволните индикации коишто ги даваат последните високофреквентни показатели за четвртиот квартал, сепак се оценува дека закрепнувањето и понатаму ќе биде бавно. Оцените за сè уште присутната неизвесност и ризиците околу закрепнувањето се вградени и во поставеноста на монетарната политика на ЕЦБ, којашто на последниот состанок (во јануари 2014 година) ја задржа истата основна каматна стапка (по последното намалување во ноември), повторно потврдувајќи ја својата подготвеност за водење приспособлива монетарна политика сè додека е тоа потребно. Оцените за патеката на движење на економијата на евро-зоната и понатаму се непроменети, со оцени за пад на активноста во 2013 година и раст во 2014 година и во 2015 година. **Гледано низ призмата на одделните квантитативни показатели за надворешното окружување за македонската економија, оценките за странската ефективна побарувачка се подобри за 2013 година во однос на очекувањата, додека за периодот 2014-2015 година се задржани во рамки на октомвриската проекција. Промените во очекувањата за цените на примарните производи се во различна насока.** Последните оцени за светските **цени на нафтата** за 2014-2015 година упатуваат на нешто помал пад во однос на очекувањата од октомври. Оцените за движењето на **цените на металите** повторно се надолно ревидирани за 2014 година. За 2015 година сега се оценува повисок раст на цените, во споредба со октомвриската проекција, што значи и поповолни услови на размена за овој дел од извозниот сектор. Ревизиите на одделните **цени на храната** за 2014 година се во надолна насока и упатуваат на намалување на притисоците преку овој канал врз домашната инфлација и условите на размена. За 2015 година и натаму се очекува раст на цените на основната храна, којшто за пченицата е нагорно ревидиран, додека за пченката ревизијата е во спротивна насока.

**Споредбата на последните макроекономски показатели со нивната проектирана динамика во рамки на октомврискиот циклус проекции дава различна слика во одделните сегменти. Од аспект на одделните показатели релевантни за монетарната политика,** податоците за инфлацијата за четвртиот квартал упатија на малку послаби инфлациски притисоци во однос на очекувањата. Овие отстапувања главно се последица на прехранбената компонента. Анализирано по месеци, по двомесечното намалување, нивото на потрошувачки цени во декември умерено се зголеми за 0,3% на месечна основа. Сепак, растот на месечната инфлација во декември речиси во целост произлегува од повисоките цени на свежиот зеленчук. Кај останатите поткомпоненти на инфлацијата, промените во поголем дел се во насока на месечно намалување или задржување на стабилно ниво на цени. Согласно со месечната динамика, годишната инфлација бележи мало зголемување од 1,1% во ноември на 1,4% во декември, што сепак претставува пониска стапка од октомвриската проекција за декември. Овие остварувања во поголем дел се резултат на прехранбената компонента, а во помал дел на енергетската компонента. Базичната инфлација забавува и во декември, во основа следејќи ја проектираната патека. Сепак, таа и понатаму е на релативно високо ниво, како комбиниран ефект од одредени фактори со привремен ефект, но и при веројатно пренесени ефекти од растот на цените на храната и енергијата. Збирно, за целата 2013 година е остварена

просечна годишна стапка на инфлација од 2,8%, што е во рамки на октомвриската проекција (2,8%). **Имајќи ги предвид остварувањата за 2013 година и ревизиите на влезните надворешни претпоставки, билансот на ризици упатува на поголема изразеност на надолните ризици околу проекцијата на инфлацијата за 2014 година од 2,3%.**

**Девизните резерви (приспособени за ценовните и курсните разлики и ценовните промени на хартиите од вредност) во текот на последниот квартал забележаа намалување, што е во согласност со очекувањата од октомвриските проекции.** Расположливите податоци за надворешниот сектор засега упатуваат на можен помал дефицит во тековната сметка во однос на очекувањата. Така, согласно со последните расположливи податоци може да се очекува остварување понизок трговски дефицит во однос на проектираниот, како и поповолни движења во билансот на услугите. Од друга страна, последните остварувања на менувачкиот пазар укажуваат на малку пониски нето-приливи врз основа на приватни трансфери во однос на очекуваните за четвртиот квартал. **Во однос на реалниот сектор, остварениот раст на БДП од 3,3% во третиот квартал беше незначително повисок од проектираниот,** главно заради подобрите остварувања кај извозот. Расположливите **високофреквентни показатели за четвртиот квартал** покажуваат дека раст на економијата може да се очекува и во текот на последниот квартал и тоа со слична динамика како и во третиот квартал. **Монетарните показатели,** според првичните податоци за крајот на декември, укажуваат на активност на кредитниот пазар, којашто е подобра во споредба со октомвриската проекција. Согласно со последните податоци, и кај паричната маса остварувањата се малку подобри во однос на октомвриската проекција. Очекувањата за нивото на **каматната стапка ЕУРИБОР за 2014 и 2015 година, беа ревидирани нагоре во однос на октомвриските проекции.** Со најновите оцени, во наредниот период се очекува мал раст на каматната стапка ЕУРИБОР во 2014 година, којшто би се засилил во 2015 година.

***Последните макроекономски показатели и оцени не упатуваат на поголеми промени во констатациите за амбиентот и ризиците во однос на оцените дадени во рамки на октомвриските проекции. И понатаму, еден дел од показателите одат во прилог на понатамошно монетарно олабавување.*** Прво, вкупната инфлација во 2013 година е во рамки на проектираната, а со последните оцени дополнително се потенцираат надолните ризици околу проекцијата за инфлацијата за 2014 година. Второ, показателите за економската активност покажуваат дека економијата ќе забележи раст и во четвртото тримесечје (најверојатно со сличен интензитет како и во третиот квартал), за кој и понатаму не се очекува дека ќе предизвика нерамнотежи. Трето, кредитниот раст е малку подобар од оцените во рамки на октомвриската проекција, кога беше извршена надолна ревизија на очекуваниот кредитен раст. Сепак, потребно е време за да се оцени одржливоста на овие поволни трендови. Четврто, податоците за денарското и девизното штедење покажуваат натамошна склоност за штедење во денари, а последните преземени мерки за зголемување стапката на задолжителната резерва во девизи може дополнително да придонесат во оваа насока. **Сѐ уште има фактори коишто упатуваат на потребата од поголема претпазливост при водењето на монетарната политика.** Имено, со оглед на послабите изгледи за светскиот пазар на метали, во однос на очекувањата во октомври, повторно се присутни неповолните ризици за металната извозна индустрија. Исто така, и покрај релативно поволните движења кај вкупната инфлација, *базичната инфлација и понатаму е на релативно високо ниво,* сигнализирајќи поголеми пренесени ефекти од растот на цените на храната и енергијата врз останатите цени во економијата.




Извор: „Консензус форкаст" и пресметки на НБРМ.

**Најновите остварувања и проекции упатуваат на понизок пад на странската ефективна побарувачка во 2013 година од очекуваниот во октомври...**

...којшто сега, исто како и во декември, се оценува дека ќе изнесува -0,2%, наспроти основната, октомвриска, проекција од -0,4%.

Извршената нагорна ревизија во најголем дел го вклучува позитивниот ефект од остварувањата во третиот квартал, но во одреден дел таа се должи и на направените корекции на историските податоци, особено кај Србија.

Гледано според придонесите, најголемото влијание за подобрената оценка на странската побарувачка произлегува од проекцијата за поблага рецесија на грчката економија, што е дополнето и со оценките за повисок економски раст на Србија и Германија.

**Од друга страна, во 2014 година се задржани очекувањата за раст на странската побарувачка од 1,2%...**

...чијшто главен двигател ќе биде германската економија...

**...а не е извршена промена ниту на оценката за раст од 1,8% во 2015 година.**




Извор: „Консензус форкаст“ и пресметки на НБРМ.

**Странската ефективна инфлација е надолно ревидирана во целиот период на проекции...**

**...при што сега се очекува дека таа во 2013 година ќе изнесува 1,9%, наместо октомвриската проекција од 2,3%...**

...при пониски инфлациски остварувања во третиот квартал и значително надолно ревидирани проекции за инфлацијата во четвртиот квартал кај сите наши увозни партнери.

Со оглед на непредвидените дефлациски движења во нејзината економија во втората половина од годината, Бугарија има најголем придонес кон надолната ревизија на странската инфлација, заедно со Србија, чијашто инфлација во последниот период значително забави, при стабилизирање на флуктуациите на девизниот курс на нејзината валута.

**Во 2014 година, се предвидува дека увозните партнери ќе забележат пониски стапки на инфлација од очекуваните во октомври, што доведува до пониска оценка за ефективната инфлација од 1,4%, наспроти основната проекција од 2%...**

...главно како резултат на значително пониският придонес од проектираната инфлација во Србија и Бугарија.

**Од друга страна, во 2015 година не се извршени позначителни промени кај проекцијата за странската инфлација, односно и натаму се очекува дека таа ќе биде стабилна и ќе се движи околу 2%.**

**Нафта „Брент“**
(квартален просек, евра/барел)




Извор: ММФ, „Блумберг“ и пресметки на НБРМ.

**Во 2013 година беше остварен малку повисок пад на цената на нафтата од октомвриската проекција...**

...што најмногу се должи на разликата во цените на нафтата во четвртиот квартал помеѓу проекцијата (82,2 евра за барел) и остварувањето (80,4 евра)...

...пројавена главно поради поголемата депрецијација на доларот во однос на еврото во овој квартал.

**Во 2014 година се очекува пад на цената на нафтата...**

...како резултат на очекуваниот раст на понудата во глобални рамки, којшто ќе биде повисок од проектираниот раст на побарувачката...

... но сепак ценовниот пад ќе биде малку понизок од октомвриската проекција.

Се очекува дека постигнатиот договор околу нуклеарната програма на Иран ќе има ограничен ефект врз цените на нафтата на краток рок, со оглед на тоа што забраната за извоз на иранска нафта и натаму е на сила.

**Се очекува дека цената на нафтата ќе се намалува и во 2015 година, иако малку побавно од очекувањата во октомври.**

**Цени на никел и бакар во евра**
(годишни промени)




Извор: ММФ, „Блумберг" и пресметки на НБРМ.

**Остварениот пад на цените на бакарот и никелот во четвртиот квартал беше малку подлабок од октомвриската оценка...**

...поради што и на годишно ниво, беа остварени повисоки ценовни падови кај односните метали.

**Понатаму, во 2014 година се очекува дека цените на бакарот ќе остварат раст...**

...со оглед на неодамнешните позитивни показатели за кинеската економија и намалувањето на залихите...

...но сепак, растот би бил понизок од октомвриската проекција имајќи ги предвид очекувањата за продолжена летаргичност на глобалната потрошувачка и неизвесноста околу ефектите од затегнувањето на монетарната политика на САД.

**Од друга страна, цените на никелот и во 2014 година ќе забележат пад, којшто ќе биде малку поголем од очекуваниот во октомври...**

...во услови на хронична преснабденост на пазарот и голем раст на новиот капацитет за никел во Кина.

Сепак, главен фактор на ризик за цените на никелот претставува забраната за извоз на руда од Индонезија, којашто би требало да стапи на сила во јануари.

**Поповолни услови на пазарот на метали се очекуваат во 2015 година, кога цените на никелот и бакарот би оствариле повисок раст од октомвриската проекција.**

**Цени на пченица и пченка во евра**
(годишни промени)




Извор: ММФ, „Блумберг" и пресметки на НБРМ.

**Во четвртиот квартал се оствариja процените за поголем пад на цените на житарките...**

...со што и на годишно ниво 2013 година заврши со подлабок ценовен пад од октомвриската проекција...

...во услови на зголемени и рекордни проценки за приносите на пченица и пченка.

**Поволни услови на пазарот на прехранбени суровини се очекуваат и во 2014 година, при што сега предвидува пад наместо раст на цената на пченицата и посилен пад на цената на пченката отколку октомвриската проекција...**

...како резултат на залихите собрани досега и генерално поволните рани изгледи за зимската жетва на северната хемисфера...

...особено во регионот на ЕУ, САД, Кина и Индија.

**Во 2015 година се очекува раст на цените на основната храна, којшто за пченицата е нагорно ревидиран, додека за пченката ревизијата е во спротивна насока.**




Извор: „Консензус форкаст", „Блумберг" и пресметки на НБРМ.

**По подолго време на одржување на ниско ниво, едномесечниот Еурибор на крајот на ноември и во поголемиот дел од декември следеше патека на постојан раст...**

...независно од претходната одлука за намалување на основната каматна стапка и известувањата од страна на ЕЦБ...

...што може да се објасни со падот на вишокот ликвидност во евросистемот под ниво од 160 милијарди евра...

...коешто се смета за ниво што предизвикува нагорни притисоци врз краткорочните каматни стапки...

...при што еден од факторите е предвремената отплата на заемите земени од страна на банките од ЕЦБ преку програмата за долгорочни операции за рефинансирање.

**Оттука, во четвртиот квартал, едномесечниот Еурибор е повисок од октомвриската проекција (0,16% наспроти 0,12%)...**

...иако отстапувањето за целата 2013 година не е толку забележливо.

**Во периодот на проекции, извршена е нагорна ревизија на оценката за краткорочната странска каматна стапка во однос на октомвриската проекција, којашто е особено забележителна во 2015 година.**

**Инфлација и цени на храната и енергијата**
(годишни промени, во %)




Извор: Државен завод за статистика и пресметки на НБРМ.

**Придонеси кон годишната стапка инфлацијата** (во п.п.)




Извор: ДЗС и НБРМ.

**По двомесечното намалување, потрошувачките цени во декември забележаа пораст на месечна основа од 0,3%...**

**...во најголем дел предизвикан од зголемените цени на свежиот зеленчук, како и од повисоката цена на нафтените деривати[1]**

Од друга страна, намалувањето на цените на свежото овошје, како и падот на цените на услугите за сместување имаа позначително влијание во спротивна насока.

**Согласно со месечната динамика, годишната стапка на инфлација бележи мало зголемување од 1,1% во ноември на 1,3% во декември...**

**...што сепак претставува пониска стапка од очекуваната во октомврискиот циклус на проекции...**

...при поголемо надолно отстапување на остварената од проектираната годишна стапка на инфлација кај прехранбената компонента, а во помал дел кај енергетската компонента...

...додека базичната инфлација, во основа е во рамки на проекцијата.

Во декември, базичната компонента на инфлација се намалуваше на месечна основа, по еднoиполгодишното зголемување или стагнантно движење...

...со што годишната стапка на базичната инфлација и натаму забавува (од 2,9% во ноември, на 2,8% во декември)...

...при што, надолното месечно поместување се должи на пониските цени на услугите за сместување, сообраќајните и ПТТ-услугите[2] и на пониските цени на алкохолните пијалаци на месечна основа.

[1] Свежиот зеленчук бележеше ценовно зголемување од 7,6% и е категорија со најголем индивидуален придонес кон месечниот раст на трошоците на животот, а нафтените деривати забележаа ценовен раст од 1,2%.
[2] Во декември е забележано месечно намалување на цената на авиобилетите за 5,4%.

**Стапка на инфлација**

(годишни придонеси во вкупната инфлација, во п.п.)




Извор: ДЗС и НБРМ.

**И покрај ваквото отстапување на годишната стапка на инфлација (со оглед на последниот период на 2013 година), остварената инфлација од 2,8% за 2013 година, во целост е во согласност со октомвриската проекција на инфлацијата.**

**Странски ефективни* и домашни цени на храна**




* Ефективните странски цени на храна се добиени како пондериран збир од цените на храната во земјите што се најзначајни трговски партнери на РМ.
Извор: ДЗС, Евростат и пресметки на НБРМ.

**Надворешните влезни претпоставки за 2014 година, коишто влегуваат во проекцијата на инфлацијата, главно се ревидирани во надолна насока.**

Така, цените на меѓународно тргуваните примарни прехранбени производи упатуваат на посилен пад на агрегатната цена на житарките за 2014 година, во споредба со сигналите добиени во текот на октомврискиот циклус на проекции...

...при што, предвиденото намалување на цената на пченицата за 2014 година (наместо зголемување како што се очекуваше во октомври) главно го одразува порастот на светските приноси на пченица и порастот на залихите од претходната година...

...додека пак, ревизијата на оценката за посилен пад на цената на пченката во 2014 година главно е одраз на високиот пораст на залихите (најголем во последните 8 години) и покрај оценките за помала засадена површина во САД за 2014 година, заради ниската цена забележана во претходната година.

Проекцијата за странската ефективна инфлација за 2014 година е исто така ревидирана во надолна насока.

Од друга страна, последните оцени за движењето на цената нафтата за 2014

година упатуваат на нешто помал годишен пад, во споредба со очекуваното во октомври...

... и покрај повисокиот очекуван раст на глобалната понуда на сурова нафта од проектираната побарувачка.

**При вакви почетни услови и ревизии на влезните надворешни претпоставки, билансот на ризици упатува на поголема изразеност на надолните ризици околу проекцијата на инфлацијата за 2014 година од 2,3%[3].**

**Номиналниот годишен раст на просечната нето-плата во октомври 2013 година е на ниво од просекот за претходните три месеци и изнесува 1%...**

...при релативно високи стапки на раст на платите во градежништвото, рударството и дејноста „транспорт и складирање". Платите во земјоделството и трговијата растат со поумерено темпо, додека платите кај „стручни, научни и технички дејности" и „административни и помошни услужни дејности" забележаа пад.

**Просечна исплатена плата**
(годишни стапки, во %)




Извор: ДЗС.

**Ваквите движења се малку послаби од очекувањата од октомвриската проекција (очекуван раст од 1,4%).**

При годишна инфлација од 1,3%, **реалните плати бележат годишен пад и во октомври 2013 година**, од 0,3% (исто како и во претходниот месец), што претставува значително подобрување во однос на динамиката во првите осум месеци од годината.

[3] Без вклучен ефект од евентуален раст на регулираната цена на електричната енергија.




Извор: ДЗС и проекции на НБРМ.




* Прост просек од годишните стапки на промена на различните видови на транспорт и телекомуникациите.
** Податоците за индустриско производство се со база 2010 година.
Извор: ДЗС и пресметки на НБРМ.

**Растот на БДП во третиот квартал на 2013 година од 3,3% е незначително повисок од очекуваниот во октомвриската проекција...**

...при што позитивното отстапување е последица на повисокиот остварен нето-извоз од проектираниот...

...иако споредбата по компоненти е отежната заради значајните ревизии на податоците за 2012 и за првите два квартала на 2013 година.

**Годишниот раст на БДП во третиот квартал на 2013 година во најголем дел произлегува од високиот раст на извозот и падот на увозот...**

...при мал раст кај личната потрошувачка и пад кај бруто-инвестициите и јавната потрошувачка.

**Расположливите податоци за четвртиот квартал на 2013 година укажуваат на продолжување на годишниот раст на домашната економија, со слична динамика како во третото тримесечје...**

**...при засилен годишен раст кај индустријата** во првите два месеца од четвртиот квартал од 4,9%[4]...

...под влијание на добрите остварувања кај прехрабената индустријата и кај печатењето...

...и на општиот пораст на искористеноста на индустриските капацитети.

**Засилување на растот се забележува и кај градежниот сектор во октомври**, со исклучително висока реална годишна стапка на раст на извршените градежни работи од 96%.

За разлика од овие дејности, транспортот во октомври, по растот од

[4] Се однесува на податоците на индустриско производство со база и пондери од **2012** година, коешто ги вклучува најновите промени во структурата на индустриското производство. Годишниот раст во првите два месеца на четвртиот квартал на 2013 година кај индексот со база **2010** година изнесува 0,4%.

третиот квартал, повторно бележи мал реален пад...

...а негативни стапки на раст во октомври се забележуваат и кај трговијата на мало и трговијата на големо.

**Расположливите показатели за агрегатната побарувачка, во основа се во согласност со очекувањата од октомвриската проекција, со која се проектира умерен раст на БДП во четвртото тримесечје.**

**Високофреквентните податоци за личната потрошувачка за четвртото тримесечје даваат различни сигнали во споредба со претходното тримесечје...**

...како последица на забавувањето на годишниот пад кај реалните плати во октомври...

...малото засилување на кредитната активност кон секторот „население" во октомври и ноември...

...и задржувањето на растот кај пензиите во октомври и ноември на слично ниво како и во претходниот квартал.

По падот во третиот квартал, нето-приходите од ДДВ бележат висок реален пораст во првите два месеца од четвртиот квартал...

...во услови на сличен пад кај трговијата на мало во октомври како и во третиот квартал...

...засилување на падот кај увозот на стоки за лична потрошувачка во октомври и ноември во однос на третото тримесечје...

...и пад кај домашното производство на потрошни добра во октомври и ноември, наспроти растот од претходниот квартал.

**Индикатори за движењето на личната потрошувачка**
(реални годишни стапки, во %)




Извор: ДЗС и пресметки на НБРМ.



Извор: ДЗС и пресметки на НБРМ.

**Најновите расположливи показатели за инвестициската активност укажуваат на нејзин раст во четвртиот квартал, по падот од претходниот...**

...под влијание на високиот и засилен раст на градежништвото во октомври...

...и малиот, но забавен раст кај странските директни инвестиции во октомври...

...во услови на послаби негативни движења во октомври и ноември кај долгорочното кредитирање на домашниот корпоративен сектор...

...и сè уште негативни стапки на раст на државните капитални инвестиции и во првите два месеца од последниот квартал на годината.

Забрзување на растот има кај домашното производство на капитални производи во октомври и ноември...

...а раст бележи и увозот на стоки за инвестиции во првите два месеца од последниот квартал...

...при пад кај залихите на готовите производи во октомври и ноември, наспроти растот од претходното тримесечје.

Податоците за номиналниот извоз и увоз на стоки и услуги во октомври и ноември 2013 година упатуваат на **стеснување на трговскиот дефицит** во однос на истиот период од претходната година, наспроти очекувањата од октомвриската проекција за продлабочување на дефицитот.

Стеснувањето на дефицитот се јавува при раст кај извозот и пад кај увозот на стоки и услуги.

**Расположливите податоци за јавната потрошувачка во октомври и ноември упатуваат на нејзин мал пад и во четвртиот квартал,** слично како и во претходните три квартала, наспроти очекувањата за стагнација од октомвриската проекција.

Понатамошното намалување на увозната активност, при позначителен раст на извозот во **октомври и ноември**, предизвика **стеснување на трговското салдо за 15,4% на годишна основа...**

...што е поизразено во однос на очекуваното стеснување во последниот квартал согласно со октомвриската проекција.

Во октомври и ноември, извозот забележа годишен раст од 3,8%, што во најголем дел произлезе од останатиот извоз и извозната активност на новите капацитети ориентирани кон извоз. Исто така, позитивен придонес во годишниот раст имаше и извозот на железо и челик и текстил...

...додека извозот на енергијата и рудите делуваше во спротивна насока, со остварен позначителен годишен пад (од 68,6% и 23%, соодветно).

Во споредба со последната проекција, извозот во октомври и ноември е повисок од очекувањата, со позитивни отстапувања кај речиси сите извозни компоненти.

**Извоз по компоненти**
**(придонеси во годишната промена, во п.п.)**




Извор: НБРМ.
** Податоците го опфаќаат вкупниот извоз на еден значаен извозен капацитет во индустриската зона.*

**Увозот на стоки во октомври и ноември** бележи годишен пад од 4%, што во најголем дел се должи на големиот пад кај увозот на енергија (од 30,1%). Значително помал придонес во годишниот пад на увозот има и увозот на храна, железо и челик и останатиот увоз.

Остварениот увоз во октомври и ноември е на ниво од проектираниот за последниот квартал од годината. Надолно отстапување има кај увозот на рудите, возилата, опремата и машините и увозот на стоки за широка потрошувачка. Од друга страна, остварувањата кај суровинскиот увоз за хемиската индустрија и увозот на тутун се повисоки од проектираните.

**Увоз по компоненти**
**(придонеси во годишната промена, во п.п.)**




Извор: НБРМ.
** Податоците го опфаќаат вкупниот увоз на еден значаен извозен капацитет во индустриската зона.*






Извор:НБРМ.

**Добрите извозни остварувања во октомври и ноември, при остварен увоз на ниво на проектираниот, упатуваат на позитивен ризик за остварување понизок трговски дефицит во однос на проектираниот за четвртото тримесечје.**

Движењата на светските берзански цени и понатаму укажуваат на поповолни ценовни движења кај цените на храната. Сепак, неповолните движења кај берзанските цени на никелот и бакарот и натаму се негативен ризик за извозните остварувања на металопреработувачката индустрија. Оцените за цените на нафтата се понеповолни во однос на последната проекција.

**Во ноември 2013 година е забележано влошување на ценовната конкурентност на домашната економија на годишна основа.** Во споредба со истиот период од претходната година, индексот на РЕДК заснован врз трошоците на живот бележи апрецијација од 2,1%, со што продолжи трендот на умерена апрецијација започнат во втората половина од годината. РЕДК пресметан според цените на производителите на индустриски производи не забележа значителна промена, тренд карактеристичен за изминатите шест месеци.

**НЕДК и релативни цени,**
*годишни стапки на промена, во %*




Извор:НБРМ.

Неповолните промени во целост се должат на годишната апрецијација на индексот на **НЕДК** (од 2,3%), предизвикана од промената на вредноста на денарот во однос на руската рубља и турската лира. Промените кај **релативните цени** делуваат во спротивна насока, односно промените според двата индекса (трошоци на живот и цени на индустриските производители), покажуваат поволен сооднос помеѓу домашните и странските цени, на годишна основа.

**Компоненти на тековната сметка**
(во милиони евра)




Извор: НБРМ.

**Во октомври 2013 година, тековната сметка на билансот на плаќања оствари дефицит од 19 милиони евра (или 0,2% од БДП), што е понизок од очекуваниот во октомвриската проекција...**

...во најголем дел заради подобрите остварувања кај трговското салдо, но и поради остварениот суфицит кај услугите, наспроти проектираните одливи со октомвриската проекција...

...остварувањата кај тековните трансфери се на ниво на проектираните, додека дефицитот кај доходот е малку повисок во споредба со очекувањата во октомври.

**Компоненти на финансиската сметка**
(во милиони евра)




Извор: НБРМ.

**Во октомври, во капиталната и финансиска сметка на билансот на плаќања** се остварени нето-приливи од 8,8 милиона евра, или 0,1% од БДП, што се пониски од очекуваните нето-приливи за четвртото тримесечје согласно со октомвриската проекција.

Отстапувањата во најголем дел се должат на пониското нето-задолжување во странство, повисоките нето-одливи кај валутите и депозитите на останатите сектори и помалите нето-приливи од трговски кредити.

Од друга страна, остварените нето-приливи врз основа на директни инвестиции се повисоки од очекувањата во октомвриската проекција.

**Движења на менувачки пазар**




Извор: НБРМ.

**Најновите податоци за менувачкото работење, заклучно со декември, по двомесечен пад, покажуваат годишно зголемување на понудата на девизи, додека побарувачката на девизи за првпат од почетокот на 2013 година забележа негативна стапка на промена...**

... при што, остварениот нето-откуп на менувачкиот пазар во периодот октомври-декември 2013 година, изнесува 280,7 милиони евра, што претставува годишен пад од 3,3%.

Последните остварувања на менувачкиот пазар покажуваат дека приватните трансфери во билансот на плаќања се во согласност со очекуваните нето-приливи од оваа категорија за четвртиот квартал.




Извор: НБРМ.

**На 31.12.2013 година, состојбата на бруто девизните резерви, изнесуваше 1.993 милиони евра**, што во однос на крајот на септември претставува пад од 71,8 милиони евра. Основни фактори за намалувањето на девизните резерви се валутните промени и промените на цената на златото, трансакциите за сметка на државата и задолжителната резерва на банките во девизи, додека трансакциите со НБРМ и интервенциите на девизниот пазар, т.е. нето-откупот на девизи од страна на НБРМ, делуваа во спротивна насока.




Извор:НБРМ




Извор: НБРМ.

Во четвртото тримесечје на 2013 година, на **девизниот пазар** кај банките е остварена нето-продажба од 93,2 милиона евра, наспроти малиот нето-откуп во истиот период од претходната година. Ваквата годишна промена произлегува од силниот пад на понудата на девизи (од 8,2%), наспроти растот кај побарувачката на девизи (од 4,8%).

Анализата по одделни компоненти покажува дека зголемената нето-продажба на девизи се должи во најголем дел на повисоката нето-продажба на фирмите, но и на намалениот нето-откуп на девизи од нерезидентите.

Последните остварувања во надворешниот сектор упатуваат на понатамошно одржување на девизните резерви на адекватно ниво.




Извор: НБРМ.

Првичните податоци заклучно со 31.12.2013 година покажуваат креирање ликвидност преку монетарните инструменти во однос на крајот од третиот квартал, што е во согласност со октомвриската проекција, но во нешто помал обем во однос на предвиденото за четвртиот квартал...

...при намалување на нето девизната актива на НБРМ, и тоа во поголем обем од предвиденото во октомвриската проекција...

...и мало повлекување ликвидност преку депозитите на државата, наспроти креирањето предвидено во октомвриската проекција...




Извор: НБРМ.

...при што состојбата на државните хартии од вредност на домашниот пазар на 31.12.2013 година изнесува 65.319 милиони денари, што во однос на септември 2013 година претставува раст од 4.790 милиони денари.

**Текови на креирање и повлекување ликвидност***
(квартални промени, во мил. денари)




*Позитивна промена - креирање ликвидност; негативна промена - повлекување ликвидност.

Извор: НБРМ.

На 31.12.2013 година, примарните пари забележаа раст во однос на септември, со нешто помал интензитет во споредба со октомвриската проекција за четвртиот квартал...

...при забележан послаб раст од проектираниот и кај готовите пари во оптек и кај вкупните ликвидни средства на банките.

**Вкупни депозити**




* Вклучува депозитни пари
Извор: НБРМ.

Месечниот раст на вкупните депозити што беше забележан во последните седум месеци, продолжи и текот на декември, но посилно во однос на претходниот месец. Зголемувањето на вкупните депозити во овој период во најголем дел е резултат на месечниот раст на депозитите на населението, како и на депозитите на приватните претпријатија...

**...со што годишната стапка на раст на вкупните депозити на 31.12.2013 година изнесува 4,9% и е над проекцијата за четвртиот квартал (4,8%).** На квартална основа, заклучно со 31.12.2013 година, вкупните депозити бележат раст од 5.813 милиони денари, што е за околу 1.500 милиони денари над планираниот раст за четвртиот квартал согласно со октомвриската проекција.

**Придонес на денарските и девизните депозити во порастот на вкупните депозити (во %)**

*Вклучува депозитни пари.




Извор: НБРМ.

**Остварениот годишен депозитен раст во најголем дел е резултат на денарските депозити,** при послаб годишен раст на девизните депозити, во однос на очекувањата за нивните движења во четвртиот квартал на 2013 година.

**Учество на денарските и девизните депозити во вкупните депозити (во %)**




Извор: НБРМ.
*Вклучува депозитни пари.

Денарските депозити и понатаму имаат најголемо учество во вкупните депозити, при што валутната структура на депозитите е во согласност со очекувањата во октомвриската проекција.

**Учество на денарскиот дел М4 во вкупната парична маса М4 (во %)**




Денарските депозити на населението се зголемуваат и во текот на декември, при што нивното учество во вкупните депозити на населението (од 49,8%) е повисоко во однос на претходниот месец. Девизните депозити забележаа мал раст во однос на претходниот месец.

**Учество на денарските депозити во вкупните депозити на населението, во %**
*Вклучува депозитни пари.



**Каматни стапки на денарските и девизните депозити, во %**




Извор: НБРМ

Каматните стапки на денарските и девизните депозити во ноември, на месечна основа се намалија за 0,1 п.п., соодветно.

**Најширока парична маса, М4**




Извор: НБРМ.

**Малку посилен монетарен раст во однос на проектираниот...**

...во услови на поголем годишен раст на вкупните депозити во четвртиот квартал во однос на проекцијата.

**Вкупни кредити**




Извор: НБРМ.

Вкупните кредити во текот на декември и натаму се зголемуваат, но посилно во однос на претходниот месец, при што растот во овој период е резултат на месечното зголемување на корпоративните кредити, а придонес во оваа насока имаат и кредитите наменети за населението (околу 18%)...

**...при што на 31.12.2013 година, годишната стапка на раст на вкупните кредити изнесува 6,4% и е над нивото на проекцијата за четвртиот квартал.** На квартална основа, заклучно со 31.12.2013 година, вкупните кредити бележат

раст од 6.881 милион денари, што е околу 2.800 милиони денари над очекуваниот квартален раст согласно со октомвриската проекција.

**Придонес на денарските и девизните кредити во вкупните кредити, во %**




Извор: НБРМ.

Остварениот годишен кредитен раст во целост произлегува од зголемувањето на денарските кредити, при продолжување на падот на девизните кредити.

**Соодносот помеѓу вкупните кредити и депозити, во %**




Извор: НБРМ

Искористеноста на депозитниот потенцијал за кредитирање на приватниот сектор е над очекуваното ниво за крајот на годината согласно со октомвриската проекција.

# СТАТИСТИЧКИ ПРИЛОГ

Табела 1

## ТРОШОЦИ НА ЖИВОТ - ИНФЛАЦИЈА И НЕЈЗИНИТЕ КОМПОНЕНТИ

| | XII.2013 / XI.2013 | XII.2013 / XII.2012 | I-XII.2013 / I-XII.2012 | XII.2013 / XI.2013 | XII.2013 / XII.2012 | I-XII.2013 / I-XII.2012 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | *промена во %* | | | *придонес во процентни поени* | | |
| **Вкупно** | ***0.3*** | ***1.4*** | ***2.8*** | ***0.3*** | ***1.4*** | ***2.8*** |
| **Исхрана** | **0.6** | **1.8** | **3.6** | **0.2** | **0.7** | **1.4** |
| Производи од жито | -0.1 | 1.1 | 1.6 | 0.0 | 0.1 | 0.1 |
| Свеж и преработен зеленчук | 5.2 | 11.9 | 4.7 | 0.3 | 0.6 | 0.2 |
| Свежо и преработено овошје | -2.6 | -0.4 | 4.4 | -0.1 | 0.0 | 0.1 |
| Свежо и преработено месо | -0.1 | 1.8 | 6.4 | 0.0 | 0.2 | 0.5 |
| Свежа и преработена риба | -0.6 | 5.5 | 9.6 | 0.0 | 0.1 | 0.1 |
| Свежо и преработено млеко | 0.4 | 5.5 | 4.3 | 0.0 | 0.3 | 0.3 |
| Свежи јајца | 0.0 | -0.1 | 12.9 | 0.0 | 0.0 | 0.2 |
| Маснотии | -0.1 | -19.5 | -4.2 | 0.0 | -0.4 | -0.1 |
| **Тутун и пијалаци** | **-0.2** | **3.8** | **3.0** | **0.0** | **0.2** | **0.2** |
